# Земјоделски факултет
# Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

## го објавува ТРЕТОТО СООПШТЕНИЕ за учество на

## I МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО-СТРУЧНО СОВЕТУВАЊЕ

# АГРО-НАУКА И ПРАКСА (АНП 2018)

## 10 - 11 мај 2018
## Штип, Република Македонија

Во изминатите десет години образовните, научно-истражувачките и апликативните активности на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ од Штип, дадоа голем придонес за развој на земјоделскиот сектор во Република Македонија и поширокиот регион.

Земјоделскиот факултет го организира I Меѓународно научно-стручно советување Агро-наука и пракса (АНП 2018), давајќи им можност на учесниците да презентираат и дискутираат оригинални научни и практични резултати во различни полиња на земјоделството.

I Меѓународно научно-стручно советување Агро-наука и пракса (АНП 2018) е организирано со намера да ги обедини сите релевантни фактори од земјоделскиот сектор за споделување на нивното знаење, искуство и проблеми. Една од главните цели е да се направи мост и да се овозможи силна комуникација помеѓу научно-истражувачката и практичната работа во земјоделскиот сектор, како во нашата земјата, така и пошироко, со што ќе се добие меѓународна димензија.

Главна цел на Советувањето е да се поврзат и промовираат научните достигнувања и практичните знаења во дадените тематски области.

**Со голема чест и задоволство Ве покануваме активно да учествувате во Советувањето.**

## СЕКЦИИ НА СОВЕТУВАЊЕТО

Агроекономија
Растителна биотехнологија
Растително производство
Заштита на растенијата
Контрола на квалитет и безбедност на храна
Наука за земјиштето и хидрологија
Лозарство, енологија и овоштарство

## НАУЧЕН И УРЕДУВАЧКИ ОДБОР

1. проф. д-р Ацо Кузелов, Македонија
2. д-р Данијела Раичевиќ, Црна Гора
3. проф. д-р Драган Шкориќ, Србија
4. проф. д-р Драгомир Влчев, Бугарија
5. проф. д-р Хатиче Ѓулен, Турција
6. д-р Јовица Васин, Србија
7. проф. д-р Кирил Бахчеваџиев, Португалија
8. д-р Клемен Лисјак, Словенија
9. проф. д-р Лилјана Колева Гудева, Македонија
10. проф. д-р Љупчо Михајлов, Македонија
11. д-р Марјан Бубола, Хрватска
12. проф. д-р Марина Мардар, Украина
13. проф. д-р Рубин Гулабоски, Македонија
14. д-р Сања Радека, Хрватска
15. проф. д-р Саша Митрев, Македонија
16. проф. д-р Шу Веи, Кина
17. проф. д-р Величка Николова Родева, Бугарија
18. проф. д-р Виолета Димовска, Македонија
19. проф. д-р Волфрам Шнекел, Германија

## ОРГАНИЗАЦИСКИ ОДБОР

1. проф. д-р Љупчо Михајлов, (Претседател)
2. проф. д-р Ацо Кузелов
3. проф. д-р Душан Спасов
4. проф. д-р Лилјана Колева Гудева
5. проф. д-р Верица Илиева
6. проф. д-р Виолета Димовска
7. проф. д-р Драгица Спасова
8. проф. д-р Фиданка Трајкова
9. проф. д-р Мите Илиевски
10. доц. д-р Биљана Балабанова
11. доц. д-р Билјана Ковачевиќ
12. доц. д-р Емилија Арсов
13. доц. д-р Фиданка Илиева
14. доц. д-р Наталија Маркова Руждиќ
15. доц. д-р Сања Костадиновиќ Величковска
16. дипл. правник Елизабета Давитковска Барбареева

## РЕГИСТРАЦИЈА

**Ве молиме регистрирајте се на agriscience-practice@ugd.edu.mk со испраќање на Формуларот за регистрација и апстракт.**

## ВАЖНИ ДАТУМИ

| НАСТАН | ДАТУМ |
|---|---|
| Прво соопштение и повик за апстракти | 01.02.2018 |
| Краен рок за поднесување на апстракти | **Завршено** |
| Известување за прифаќање на апстракт | **Завршено** |
| Краен рок за поднесување на трудови | **РОКОТ Е ПРОДОЛЖЕН ДО 01.06.2018** |
| Регистрација на учесници без презентација | Во тек |
| Одржување на Советувањето | 10-11.05.2018 |
| Публикација на трудови | Јуни, 2018 |

### КОТИЗАЦИЈА ЗА УЧЕСТВО

Котизацијата за учество на Советувањето е 35 €. Котизацијата вклучува материјали од Советувањето, Книга на апстракти, кафе паузи, свечен коктел и свечена вечера.
Со една котизација се покриваат најмногу два рецензирани и прифатени трудови за едно лице како прв автор и истите можат да бидат објавени во меѓународното научно списание Journal of Agriculture and Plant Sciences (JAPS - http://js.ugd.edu.mk/index.php/YFA).

## НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Домашно плаќање:**

Назив и седиште на примачот**: трезорска сметка на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**
Банка: **НРБМ**
Трансакциона сметка: **100000000063095**
Сметка на корисник: **1600160330 788 22**
Претходна шифра и програма: **723113 44**
Цел на дознака: **котизација за I Советување „Агро-наука и пракса“**
**Плаќањето треба да се направи во денари по среден курс на евро на банката на денот на плаќањето.**

**Ве молиме пратете скениран документ од платената котизација на официјалната е-адреса: agriscience-practice@ugd.edu.mk.**

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Прифатените апстракти за усна презентација треба да бидат презентирани во power point презентација во времетраење од максиум 15 минути. После секоја сесија, ќе следува дискусија во времетраење од максимум 15 минути.
Пријавените трудови за учество со постер треба да бидат презентирани на постер со димензии 70 x 90 cm.

## ИЗДАВАЊЕ НА ТРУДОВИ

Сите поднесени апстракти ќе бидат прегледани од Научниот и уредувачкиот одбор, и објавени во Книга на апстракти од Советувањето.
Презентираните трудови што ќе бидат селектирани и одобрени од Научниот и уредувачкиот одбор, ќе бидат објавени во меѓународниото списание Journal of Agriculture and Plant Sciences (во јуни 2018) (JAPS - http://js.ugd.edu.mk/index.php/YFA), кое е рецензирано списание, уредувано од меѓународен Уредувачки одбор. Англискиот јазик е официјален јазик на JAPS.
**Важна информација за објавување на труд: Рокот за поднесување на трудови за објавување во јунскиот број на JAPS е продолжен до 01.06.2018. Доколку трудот е доставен после 01.06.2018 истиот ќе бидат објавен во декемврискиот број на JAPS.**

## ПЛЕНАРАНИ ПРЕДАВАЊА И ПАНЕЛ ДИСУКУСИИ

Ни претставува особено задоволство да го најавиме учеството на поканети предавачи и панел дискутанти на тековни и важни теми во земјоделството:

### Пленарни предавања:

- **„Ефектот на абиотски и биотски стрес и менаџментот на културите на здравствената состојба и приносот на житните култури“** - Д-р Радивоје Јевтиќ и соработниците, Раководител на Одделение за житни култури, Институт за поледелство и градинарство, Србија
- **„Трансфер на знаење „Универзитет – Стопанство“: Дали земјоделството може да биде прецизно?“** - Проф. д-р Кирил Бахчеваџиев, Земјоделски колеџ од Коимбра, Португалија
    - **„Биолошка фиксација на азот: ефикасен извор на азот за одржливо земјоделско производство?“** - Д-р Ѓура Карагиќ, Раководител на Одделението за крмни култури, Институт за поледелство и градинарство, Србија

**Панел дискусии:**

- **„Зголемување на ефикасноста на искористувањето на средствата од ИПАРД фондовите – вложување во прецизно земјоделство“**
    - Модератор: Проф. д-р Саша Митрев (Земјоделски факултет, УГД – Штип)
    - Поканети панелисти: г-н Николче Бабовски (Директор на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Македонија), д-р Марина Стојанова (ИССАП Пушкаров - Софија, Бугарија)

- **„Намалување на содржината на органска материја – закана за земјоделските почви“**
    - Модератор: Доц. д-р Билјана Балабанова (Земјоделски факултет, УГД – Штип)
    - Поканети панелисти: Д-р Јовица Васин (Институт за поледелство и градинарство, Србија), Д-р Ѓура Карагиќ (Институт за поледелство и градинарство, Србија), Доц. д-р Миле Марковски (Факултет за земјоделски науки и храна, Македонија), Проф. д-р Мите Илиевски (Земјоделски факултет, УГД – Штип)

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ И СМЕСТУВАЊЕ

Свеченото отворање на Советувањето ќе се одржи во Свечената сала на Земјоделски факултет, трети спрат, Кампус 2 во Штип.

Учесниците можат да резервираат сместување во хотелите што се во непосредна близина на местото на одржување на Советувањето.
Хотел „Изгрев“ – телефон: 032 394 918
Хотел „Ваго“ – телефон: 032 609 804
Хотел „Оаза“ – телефон: 032 394 899
Хотел „Канал 77“ – телефон: 032 613 777
Хотел „Урбаниста“ – телефон: 032 606 112, http://urbanista.mk/
Хотел „Гарни“ – телефон: 032 388 622

## ОФИЦИЈАЛЕН ЈАЗИК НА СОВЕТУВАЊЕТО

Официјални јазици на Советувањето се македонски и англиски јазик. Од авторите се бара да ги презентираат трудовите со Power Point презентација на англиски јазик.